## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ“ (ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА И М-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр.2602-314/4 од 110. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 15.3.2014 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Менаџмент на мали и средни бизниси**“ од **доц. д-р Елизабета Митрева** и **пом. асс. м-р Оливер Филипоски**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Практикумот **„Менаџмент на мали и средни бизниси“** е наменет главно за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува во трети семестар - втора година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за обем на ракописот. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 146 страници, од кои на 144 страници е претставен основниот текст, на 2 страници се поместени 47 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторите даваат голем број примери за сè што може на сликовит начин да се претстави, со цел полесно да се разбере и запамети материјата од страна на читателот. Во ракописот има 12 вежби кои студентите треба да ги изработат.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов. Авторите на практикумот преку примери и вежби нудат одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење. Во трудот се разработува проблематиката на менаџментот со мал и среден бизнис преку вежби кои им овозможуваат на студентите непосредна практична активност која претставува прв чекор во процесот на трансфер на сознанијата добиени од теоретскиот дел, а истовремено креира основа за понатамошно унапредување на знаењата. Во трудот се нудат разни модели и алатки за ефикасно справување со тековните проблеми кои ќе им помогнат на студентите како идни менаџери полесно управување со деловните процеси.

Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Практикумот „Менаџмент на мали и средни бизниси“ се состои од единаесет тематски целини: 1. Дефинирање на менаџерски нивоа на компанија; 2. Проектирање информационен систем во едно претпријатие; 3. Како да се подготви бизнис план; 4. Изработка на рекламно писмо, директна пошта до клиентите, флаери и каталози на компанија; 5. Креирање организациска структура на компанија; 6. Негување тимска работа во компании; 7. Утврдување стилови на менаџмент во една компанија; 8. Потребата од доживотно учење

во македонски компании; 9. Зошто е неопходна SWOT анализата; 10. Пазарот, промените и визијата на иднината; 11. Разлики помеѓу вредностите на кои се темелат јапонските, англиските, американските и македонските компании.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во првото поглавје од практикумот се опфатени значењето и улогата на нивоата на менаџмент во компанијата, како и дефинирање на нејзината мисија, визија и стратегиски цели. Во ова поглавје се дадени практични примери во реални услови.

Во второто поглавје од практикумот е опфатен патот по кој се движи работниот налог зависно од организациската структура на една компанија, како и подготовката на дел од формалните документи со кои компанијата комуницира внатре и надвор од организацијата со можност студентите сами да проектираат лични формулари за нивна идна компанија.

Во третото поглавје авторите се осврнуваат на изработката на бизнис план за идна компанија преку упатства, примери и усвоени формулари. Авторите на овој труд им сугерираат и на студентите и на македонските компании да го видат значењето и можностите што ги нуди бизнис планот преку совладувањето на методологијата за негова подготовка.

На проблематиката поврзана со изработка на рекламното писмо, директната пошта до клиентите, флаерите и каталозите на компанијата, нивната примена и важноста за претпријатијата авторите го посветиле во четвртото поглавје во практикумот. Познавањето на оваа проблематика ќе им помогне на студентите во правец на остварување на што поголем успех, односно привлекување поголем број купувачи/ корисници, со цел да се оствари поголем профит во нивните идни бизниси.

Петтото поглавје од трудот авторите го посветиле на комплетното проучување и презентирање на важноста на организациската структура на компанијата преку анализа на повеќе примери, но и со можности студентите сами да ги испитуваат постоечки претпријатија и да укажат на нужноста од таквата структура (со сите позитивности и негативности), бидејќи од правилното проектирање на малите и средни бизниси ќе зависи нивната ефикасност и ефективност.

Во шестото поглавје авторите го насочуваат фокусот на вниманието кон негувањето на тимската работа во компаниите. Врз основа на анализите што треба да ги направат студентите преку спроведување анкетни тестирања треба да ги оценат компаниите во однос на тоа колку кај нив се негува тимската работа и кои модели се применуваат. Анализите треба да покажат кои проблеми се јавуваат во работата на менаџерските тимовите кои негативно влијаат врз функционирањето на компанијата, како се постигнува ефикасност во градењето на менаџерски тимови и во донесувањето одлуки, како и предноста на тимските одлуки во однос на индивидуалните.

Значајно внимание за раководењето на малиот и среден бизнис авторите посветиле во седмото поглавје. Врз основа на анализите што треба да ги направат студентите преку спроведувања анкетни тестирања е потребно да оценат каков стил на управување владее во испитуваната компанија.

Проблематиката колку македонските менаџери се подготвени за обука на работното место, обука за стекнување дополнително знаење, како и потребите на компаниите од вработени со високо образование авторите ја разработиле во осмото поглавје, каде што се осврнуваат на основните начела на образовната структура на вработените и методологијата на менаџментот со човечки ресурси. Врз основа на анализите што треба да ги направат студентите преку спроведување анкетни тестирања е потребно да оценат колку македонските менаџери вложуваат во човечкиот потенцијал.

Подготовката на SWOT анализа на конкретна компанија преку прашалник за анализирање на конкурентноста на индустријата во Македонија е содржано во деветтото поглавје од практикумот.

Во десеттото поглавје авторите ги разработуваат методологиите за утврдување на подготвеноста на компаниите за промени и потребите на пазарот со можност студентите да истражат колку македонските компании се подготвени на промени.

Прашањето за разликите во вредностите на кои се темелат јапонските, англиските, американските и македонските компании е содржано во единаесеттото поглавје од

практикумот. Во него се разработени различните вредности и норми на кои се гради деловната култура во западниот свет и нивната способност да усвојат современи ментални модели кои успешно ги споиле со традиционалните норми и вредности. Проучувањето на овие модели треба да им помогне на студентите да го испитаат моделот на корпоративната култура во испитувана македонска компанија.

## З А К Л У Ч О К

Овој практикум претставува уште еден обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување практични знаења од областа на менаџментот на мал и среден бизнис.

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека предложениот ракопис за практикум по предметот „Менаџмент на мали и средни бизниси“ е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој практикум овозможува непосредна практична активност на студентите преку решавање вежби кои претставуваат прв чекор во процесот на трансфер на сознанијата добиени од теоретскиот дел. Трудот истовремено креира основа за понатамошно унапредување на знаењата на студентите како идни менаџери. Имплементацијата на овие вежби како менаџмент алатки и инструменти треба да им помогне на студентите во определени ситуации при креирање на нивните идни бизниси.

Практикумот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Според наши сознанија, ваков практикум, која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот Менаџмент на мали и средни бизниси на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му го препорачуваме **практикумот „Менаџмент на мали и средни бизниси“ од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Оливер Филипоски да го прифати како рецензиран практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор,**
**Економски институт - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**
**Д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор,**
**Економски институт - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**